Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 501 www.mchamber.mk 02.09.2022




## АЗЕСКИ ВО ПОСЕТА НА МВР




## ОД ЦЕНАТА НА СТРУЈАТА ЗАВИСИ ОПСТАНОКОТ НА МНОГУ ФИРМИ И НА МНОГУ РАБОТНИ МЕСТА

## ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ - УЧИЛИШТАТА И КОМПАНИИТЕ СЕ ПОДГОТВУВААТ ЗА НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## ЧЕТИРИ ПРАШАЊА ПРЕД ПОЧЕТОКОТ НА РАСПРАВАТА ЗА НАЦРТ-КОНЦЕПТОТ ЗА ДАНОЧНИ РЕФОРМИ



Деновиве во Комората пристигна нацрт-концептот за даночни реформи, кој треба да претставува основа за јавна расправа во наредниот период. Малку чудно, бидејќи очекував разговори околу нашите предлози за проблемот број еден, а тоа е цената на електричната енергија. Нормално, додека не пристигна нацрт-концептот за даночни реформи, разменив и мислења со одговорните луѓе во Комората, кои како договорени ми поставија четири прашања. Ценејќи дека тие прашања се од суштинска важност, пред да започне расправата одлучив јавно да ги изнесам, бидејќи самиот предлагач се залага за транспарентност на оваа расправа. Покрај нив, првичните реакции се однесуваа и на прашањата од даночната евазија и што се презема на тој план, сугерирајќи прво да се искористат внатрешните можности пред да се отвори расправата, која доаѓа во еден исклучително тежок момент за бизнисот. Но, да одиме по ред. Накратко, има четири прашања за кои реалниот сектор бара одговор пред да се пристапи кон расправа за нацрт-концептот за даночните реформи.

1. Поради инфлаторните движења, каматните стапки од ден на ден се зголемуваат на финансиските пазари. Република Северна Македонија пред неколку месеци упати барање за задолжување преку еврообврзница и барање до Меѓународниот монетарен фонд за користење линија за претпазливост и за ликвидност. До денес на бизнисот сè уште не му е познато до каде се постапките во врска со овие аранжмани за прибавување ликвидни средства, кои денес чинат многу повеќе.

2. Што е со барањата и со предлозите на Стопанската комора на Северна Македонија кои во форма на иницијатива од МЕА ѝ беа понудени на државата како излезни решенија од енергетската криза? Предлозите беа конкретно наменети за компаниите, за стопанството, и бараат итна и одлучна реакција на носителите на економската политика за спас на реалниот сектор, кој е единствен кој создава додадена вредност во државата. А сите знаеме дека тоа прашање е во многу голема корелација со прашањето за новите даноци.

3. Нели е нормално во нацрт-концепт за даночни реформи да се предвидат и прецизни рокови и услови на кои ќе се обврзе државата за понуда на поквалитетни услуги спрема приватниот сектор; рокови за дигитализација на нејзините процеси, за укинување на парафискалните давачки, како и за намалување на сивата економија и на корупцијата? Односно бизнисот очекува понуда на пинг-понг решение, што значи дека пред државата да одлучи да ги зголеми даноците треба да им докаже на даночните обврзници дека е ефикасна, ефективна, транспарентна и дека нуди квалитетни услуги.

4. Низ овие прашања може да се види зошто на нашата држава ѝ е потребен рамковен економски договор, за кој Собранието на СКСМ, како највисок орган на најстарата и најмоќна бизнис-асоцијација во земјава, со усвојувањето на Декларацијата за општествен консензус за економски реформи, политики и мерки, повикува на консензус и на поддршка од сите субјекти во државава за нејзино што поскоро применување, како прв чекор кон нова страница во развојот на македонската економија за општо добро на сите граѓани на земјата.



# ОД ЦЕНАТА НА СТРУЈАТА ЗАВИСИ ОПСТАНОКОТ НА МНОГУ ФИРМИ И НА МНОГУ РАБОТНИ МЕСТА



Некому можеби му изгледа чудно и се прашува зошто Стопанската комора толку често и толку многу пати го поставува во јавноста прашањето за цената на струјата.

„Пред мене имам конкретни податоци за сметката за струја на една компанија членка на Комората. Иако во јули годинава компанијата потрошила помалку струја од јули минатата година, сметката за струја годинава ѝ е речиси шестпати поголема во однос на јули минатата година. Лани за јули платила околу 1 милион денари, а годинава за јули – 6 милиони денари. Кој бизнис-сектор ќе го издржи ова и до кога?“ посочи м-р Зоран Јовановски, потпретседател на Стопанската комора.

Според Централниот регистар, во текот на целата 2021 година од трговскиот регистар и од регистарот на други правни лица се избришани 6.995 правни лица, а во 2022 година, според моментално објавените податоци, веќе се избришани 5.324 правни лица. Со вакви цени на струјата, уште колку компании ќе го стават катанецот на вратата во периодот што следува?

Во овој момент вели Јовановски, нема поголем проблем за македонската економија од проблемот со цената на струјата. Затоа веќе подолг временски период Стопанската комора се фокусира токму на ова прашање, организира работни средби со претставници на разни надлежни државни институции, во јавноста предлага повеќе мерки, а сега го чека одговорот на Владата и на државните институции.

Владата мора да најде избалансирани решенија, кои ќе му овозможат на бизнис-секторот да преживее. Ако не се случи тоа и ако многу фирми се затворат, тогаш и многу работни места ќе се изгубат. Ако луѓето останат без плата, нема да можат да ја платат сметката за струја, колку и да е таа субвенционирана од Владата.

Патем, да истакнеме дека прашањето за цената на струјата не е актуелно само во моментов, туку е важно и за во иднина. Да земеме едноставен пример: да претпоставиме дека по една фирма од сите земји од нашиот регион произведува ист производ и дека сите тие си конкурираат меѓу себе. Ако претпоставиме дека сите фирми имаат ист трошок за сите ставки, а се разликуваат само кај ставката трошок за електрична енергија, тогаш производот на македонската компанија ќе биде најскап и најмалку ќе се продава. Според расположливите податоци од разни извори, цената на струјата за компаниите во сите други земји од регионот е пониска од нашата, а тоа ги прави нашите компании ценовно неконкурентни. Со други зборови, цената на струјата не е само тековно актуелно прашање, туку е и прашање на долгорочна конкурентност.

Потпретседателот на Комората Јовановски вели, да заклучиме: цената на струјата е најважното економско прашање – во моментов прашање за опстанок на македонскиот бизнис-сектор. Затоа очекуваме Владата што побргу да ги прифати предлозите објавени во повеќе наврати од Стопанската комора и да преземе чекори за нивна примена. Потребна е итна реакција затоа што времето минува, а ризиците се зголемуваат.

# АЗЕСКИ ВО ПОСЕТА НА МВР




Забрзување на постапките за регулирање или продолжување на престојот на странците, дигитализација на постапките за издавање или обновување на дозволите за престој, one-stop-shop систем за да може повеќе различни документи странците да ги добијат од едно место, подобрување на функционалноста на МВР во делот на условите, работното време и бројот на стручни лица кои постапуваат по поднесените барања за работа и престој на странците се прашањата за кои, на 29 јули 2022 година, на иницијатива на Стопанската комора на Северна Македонија, се одржа работна средба со министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, како и претставници од сите надлежни сектори, агенции и институции кои се поврзани со администрирање на постапките за добивање на дозволите за работа и престој на странските државјани во земјава.

Претседателот на СКСМ, Бранко Азески и министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, се согласија дека решавањето на овие проблеми треба да бидат од особен приоритет, со цел создавање подобар деловен амбиент за работа во земјава, подобрување на перцепцијата на странските, но и домашните бизнисмени за она што им е најважно – а тоа се брзи и ефикасни административни постапки за добивање на потребните дозволи, уверенија и други документи потребни за нивниот престој и работа во земјава.

Во анкетните истражувања на Комората, а посебно и на Советот на странските инвеститори при Комората, во континуитет се посочува потребата од реакција на надлежните институции (МВР, Агенција на вработување, МНР) за наоѓање соодветни решенија за правните и фактичките пречки кои ја отежнуваат постапката за регулирање на престојот на странци заради извршување на работните обврски во земјава, истакна д-р Елена Милевска Штрбевска, потпретседател на Комората. Таа посочи и конкретни примери кои компаниите често ги истакнуваат како проблем, а тоа се: нерепрезентативните услови во просториите кај што се поднесуваат и подигнуваат дозволите за престој на странци, ограниченото време од само неколку часа, во два дена во неделата за поднесување на документите во МВР, пречекорување на законските рокови од сите надлежни институции вклучени во овој процес (мислења од АВРМ, комплетирање на документација од подносителите, други дополнителни проверки), малиот број лица кои постапуваат по барањата, неможноста голем дел од овие прашања да се изведат дигитално, со користење електронски потпис, апликации за електронско фотографирање и слично . Надлежните институции, преку нивните началници, раководители и други надлежни лица кои беа присутни на состанокот (МВР, Агенција на вработување, МНР) отворено зборуваа за овие прашања на средбата, во конструктивна атмосфера која придонесе да се преземат конкретни активности за нивно решавање. Според кварталните извештаи на МВР, кај значаен дел од предметите се пречекоруваат законските рокови, делумно поради недоволната кадровска екипираност и нефункционалниот меѓуресорски информатички систем, а делумно и поради некомплетирана документација од подносителите.

Агенцијата за вработување на РСМ, пак, ја посочи законската можност за сезонски работници во сите сектори, која, македонските бизнисмени многу малку ја користат, а е функционално и соодветно решение за многу случаи за кои во моментот имаат заглавени барања за регулирање на престојот и работата на нивните странски работници.

Надлежните институции остануваат отворени за соработка со Стопанската комора на Северна Македонија и во разговорите и изнесените предлози на Советот на странските инвеститори, но и забелешките на домашните производители, за соодветни измени и дополнувања на законската регулатива која ја регулира оваа материја, не отстапувајќи од веќе усогласените ЕУ практики, а притоа земајќи ги предвид и искуствата на бизнис-заедницата за унапредување на овие процеси по примерите на западно-европските искуства од каде што тие доаѓаат или вршат трансфер на know-how.

Процесот на взаемна координација и консултација за сите значајни прашања ќе продолжи поинтензивно во првата половина на септември оваа година.

# Еуроникел Индустри со приклучување кон иницијативата на Глобалниот договор на Обединетите Нации го потврди етичкото и одржливо работење




Еуроникел Индустри – компанија премиум покровител во Стопанската комора на Северна Македонија, се приклучи на иницијативата на Глобалниот договор на Обединетите Нации со што и формално ја потврди примената на десетте принципи кои се однесуваат на заштитата на човековите права, на работните односи, животната средина и спречувањето корупција. Со приклучувањето кон оваа иницијатива, што Еуроникел Индустри го прави во исклучителни економски услови, при што компаниите се соочуваат со бројни проблеми предизвикани прво од Ковид пандемијата, а сега и од војната во Украина и што доведе до сериозна деловна егзистенцијална криза, компанијата останува доследна во примената на принципите кои го дефинираат одржливиот развој.

„Приклучувањето на иницијативата на Глобалниот договор на Обединетите Нации е потврда за нивното етичко и одржливо работење. Еуроникел Индустри посветено делува во согласност со Десетте принципи на Глобалниот договор на Обединетите Нации кои се темел и симбол на одржливиот развој.

“Применувањето на овие принципи е особено важно за нашето работење



бидејќи на тој начин ја обезбедуваме егзистенцијата на сегашните генерации, без да ја компромитираме иднината на следните генерации“, истакна Герасим Кујунџиев, прв генерален директор.

Применувањето на одговорни деловни практики е главен приоритет на компанијата поради што уште од првиот ден од основањето работи во согласност со Десетте принципи на Глобалниот договор. Формалното приклучување кон оваа иницијатива е дополнителен доказ за посветеноста и доследно применување на овие принципи.

Одржливото работење е единствен начин Еуроникел Индустри да просперира и напредува на пазарот кој постојано се менува. Почитувањето на човековите права и заштитата при работа, заштитата на животната средина, активното спречување на корупцијата и постојана поддршка на заедницата, со цел да се постигне подобар квалитет на животот на сите засегнати страни, се одговорност на која и се дава исклучително значење во Еуроникел Индустри. Сите активности, политики и процедури кои ги презема компанијата се засновани на овие начела, а приклучувањето на иницијативата на Глобалниот договор на Обединетите Нации го потврдува тоа“, вели Андреас Цагарис, втор генерален директор.

Доследно применувајќи ги принципите на Глобалниот договор на Обединетите Нации во своето секојдневно работење, Еуроникел Индустри истото го промовира и ги поттикнува своите соработници, со цел постигнување одржлив развој и во нормални, но и вонредни деловни услови.

euro Nickel INDUSTRIES

# ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ - УЧИЛИШТАТА И КОМПАНИИТЕ СЕ ПОДГОТВУВААТ ЗА НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА




Оваа година, Стопанската комора на Северна Македонија, го прослави 100-годишниот јубилеј од своето постоење и делување. И од почетоците на своето делување, Комората секогаш се занимавала со процесот на подготовка на кадар за стопанството. Низ годините таа стана мост за поврзување на образовните институции и бизнис заедницата и ги вмрежува компаниите и стручните училишта за реализација на практична обука на учениците на реално работно место во компанијата. Посветена е на унапредување на процесите, како во формалното, така и во неформалното образование, а воведувањето на дуалниот модел на образование беше фокусот на која напорно работеше, уште од 2007 година. Денес тоа стана реалност, а инвестицијата во дуалното образование е инвестиција во реалниот сектор и ефикасен начин за обезбедување практични вештини и компетенции, потребни на стопанството. Тоа е можност компаниите да се вклучат во креирањето на потребниот кадар во контекст на нивни раст и развој, но и економски развој на државата. Кампањата „Учи паметно, работи стручно" што ја спроведуваше Министерството за образование и наука и Стопанската комора, а со поддршка на проектот „Образование за вработување", финансиран од Швајцарската амбасада, придонесе за синергија помеѓу образовните интитуции и компаниите за побарувачката и понудата на вештини и квалификации и зголемување на интересот за дуалниот модел на образование.



# АЗЕСКИ НА СРЕДБА СО МЕНАЏМЕНТОТ НА САСА




Во просториите на Стопанската комора, претседателот Бранко Азески оствари средба со менаџментот на рудникот САСА, Македонска Каменица на која присуствуваа новиот генерален директор Крис Колбурн и директорот за одржливост Ивица Талевски, кој е и актуелен претседател на Македонската асоцијација на рударството (МАР).

Азески на средбата даде краток осврт на македонската економија, посочувајќи дека во моментот бизнисот се соочува со сериозни предизвици како резултат на глобалните кризи, а во фокусот на проблемите се цената на електричната енергија, обезбедувањето на квалификуван кадар и неизвесниот деловен амбиент за што влијаат повеќе фактори. Стопанството изминатите години се чинеше дека е меѓу последните точки на државната агенда, но токму кризите ќе покажат дека без стопанството, нема да може да функционира ниту државата. Верувам дека компаниите се жилави и ќе ги пребродат кризите, а Комората со својот проект „комора на иднината" и деценискотo искуство е максимално посветена и работи да ги поддржи во тоа – истакна тој.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**Форум**

**26.09.2022**

# ПОКАНА за учество на Македонско-хрватски бизнис-форум, 26 септември 2022 година, Загреб, Хрватска

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Стопанската комора на Хрватска и со Амбасадата на Република Северна Македонија во Загреб, ве поканува да учествувате на Македонско-хрватскиот бизнис-форум, кој ќе се одржи на 26 септември 2022 година (понеделник) во Загреб, Хрватска.

Основната цел на Бизнис-форумот е да се поттикнат заедничката деловна соработка и партнерството меѓу компаниите од сите сектори.

Со цел интензивирање на економската соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Хрватска, во првиот дел од Форумот свое обраќање ќе имаат претставници од владините институции, од Хрватската стопанска комора (ХСК) и Амбасадорот на Република Северна Македонија во Загреб, како и претседателот на Македонско-хрватскиот бизнис-клуб.

Во вториот дел од Форумот свое обраќање ќе имаат претставници од коморите, со презентации на позначајните инфраструктурни и инвестициски проекти за можно инвестирање во Северна Македонија, а потоа ќе следуваат и билатералните средби (Б2Б).

Презентацијата и деловните средби ќе се одржат на 26 септември 2022 година (понеделник) во просториите на Хрватската стопанска комора.

Учеството на деловните средби е бесплатно, а трошоците за патувањето и за сместувањето се на товар на учесниците.





**Семинар**

**27.9.2022**

# ПОСТАПКА И КРИТЕРИУМИ НА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ПОЕДНОСТАВЕНИ ПОСТАПКИ И ПРИДОБИВКИ ЗА ИМАТЕЛИТЕ НА ОДОБРЕНИЕ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 27 септември 2022 година, организира еднодневен „он-лајн“ семинар на тема: „Постапка и критериуми на давање одобрение за поедноставени постапки и придобивки за имателите на одобрение“ со цел економските оператори да се запознаат со поедноставените постапки, нивното значење во царинското работење и начинот и постапката како да се дојде до нив, а се со цел да се користат поволностите од страна на имателите на одобрение.

Во текот на семинарот ќе бидат објаснети сите аспекти околу дефинирање на поимот и спроведување на поедноставените постапки, законските основи, можностите и начинот за поднесување на барање и добивањето на одобрение. Истовремено учесниците ќе добијат практични совети во врска со начинот на подготовка на економскиот оператор за поднесување на барањето, но и начинот на следење на одобрението и континуирано исполнување на критериумите. Посебно внимание ќе биде посветено на поволностите и нивното значење за економските оператори на Република Северна Македонија

Предавачи:

- Офелија Бајо, помошник директор на Сектор за царински систем во Царинската управа на Република Северна Македонија,

- Соња Филевска, самостоен советник во Одделение за царински и даночни постапки во Сектор за царински систем во Царинската управа на Република Северна Македонија.

Настан

12.10.2022

# „MARKETPLACE AUSTRIA FOOD AND BEVERAGES 2022“ БИЗНИС-СРЕДБА НА АВСТРИСКИ ФИРМИ

Стопанската комора на Австрија, во соработка со Трговското одделение при Амбасадата на Република Австрија во Северна Македонија и со Стопанската комора на Северна Македонија, организира деловни средби меѓу австриски фирми производители на прехранбени производи и интернационални увозници на прехранбени производи.

MARKETPLACE AUSTRIA FOOD AND BEVERAGES претставува настан со 17-годишна традиција и со најголема посетеност, на кој присуствуваат компании производители на храна, како и трговци на мало и на големо од целиот свет.

Настанот претставува ексклузивна можност купувачите на храна и на пијалаци да се сретнат со добавувачи и со производители во Виена и да го доловат вкусот на Австрија. Целта е да ја зголемат својата мрежа на контакти, да пробаат нови производи, да запознаат нови добавувачи, да разменат нови идеи и да остварат деловна соработка со познати компании и експерти за производство и за трговија на големо и на мало со храна и со пијалаци од целиот свет.

Настанот ќе се одржи на 12.10.2022 година (среда) во Стопанската комора на Австрија во Виена.

Ве информираме дека доколку сакате да учествувате на овој настан, како и на B2B-средбите, задолжително треба да се регистрирате на следниот линк: https://food2022.b2match.io/signup, каде што можете да ги видите сите компании кои се пријавени досега, да ја видите програмата и сите други релевантни информации во врска со настанот. Поради ситуацијата со COVID 19 купувачите, исто така, можат да учествуваат виртуелно, со што при регистрацијата тие мора да изберат меѓу „дискусии на самото место“ или „дискусии преку интернет“.

Рокот за пријавување е до 30.9.2022 година.

За компаниите кои ќе се пријават и кои ќе обезбедат учество на деловните (Б2Б) средби со австриските компании ќе бидат обезбедени:

- две бесплатни хотелски ноќевања со појадок,

доколку се исполнат следните услови:

- компанијата учествува за првпат на пазарот или има учествувано последен пат пред 5 години (2017) и има најмалку 5 резервации за состаноци со австриски компании;
- компанијата учествувала на локалниот пазар во Виена во последните 5 години и има најмалку 5 резервирани состаноци;
- да достават портфолио со фотографии од производ како доказ дека компанијата е присутна на австрискиот пазар (супермаркет, хотел или ресторан) во последните 5 години.

Трошоците за превозот Скопје – Виена – Скопје се на товар на самите компании.



Саем

14-18.10.2022

# УЧЕСТВО ВО КУПУВАЧКА МИСИЈА ВО РАМКИ НА “BUILD EXPO GREECE 2022” 14-16 октомври 2022 Атина, Грција

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Амбасадата на Република Грција, Ве поканува да земете учество во претстојната купувачка мисија во рамки на посетата на саемот за градежништво “Build Expo Greece”, што ќе се одржи во периодот од 14 до 16 октомври во Атина.

“Build Expo Greece” претставува идеална можност за средба на сите професионалци од градежниот сектор во Југоисточна Европа и регионот на Источен Медитеран. Саемската манифестација се организира со цел повторно да се покрене динамиката во градежниот сектор преку деловни вмрежувања и билатерални средби меѓу изложувачите и учесниците во купувачките мисии од целиот регион.

Овој концепт претставува одлична можност за генерирање на нови деловни соработки преку вмрежување со истакнати меѓународни компании од градежниот сектор, зголемувајќи ја продуктивноста, поврзувајќи ги пазарите во регионот и пошироко, и поттикнувајќи го развојот на целата индустрија.

Купувачката мисија е наменета за сите домашни компании од градежниот сектор, заинтересирани за остварување соработка со производители на градежни материјали и изведувачи на градежни работи.

За користење на оваа можност, неопходно е да ги пополните пријавниот лист и апликацијата во прилог и да ги доставите до лицето за контакт најдоцна до 30 септември 2022 година (петок), по што дополнително ќе бидете информирани дали апликацијата за учество е прифатена од страна на организаторот.

Напомена: Ве молиме задолжително изберете една од трите понудени опции за учество (А, Б или Ц) наведени во програмата во прилог.

За подетални информации во врска Вашето учеството, Ве молиме контактирајте со лицето за контакт: м-р Сања Николова, тел:+ 389 32 44 091, моб: 071/230-452, е-адреса: sanja@mchamber.mk.

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100 години

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088